Цивика мобилитас денес го објави првиот број од списанието „**Граѓаните за промена**“ гласник на програмата но и на целото граѓанско општество. Списанието им е посветено на граѓаните како корисници на услугите на граѓанските организации но, исто така и како иницијатори и учесници во општествените промени.




„Граѓаните за промена“ има амбиција да биде нова точка во која **ќе се собираат и од која ќе се дистрибуираат**
информациите за граѓанското општество и за темите релевантни за него, место каде ќе ги споделиме анализите, дилемите и дискусиите за важните прашања за функционирањето на граѓанското општество.

Првиот број опфаќа период од шест месеци, а следните изданија ќе бидат квартални. Списанието ќе се подготвува и објавува на **македонски, албански и на англиски јазик** и ќе има само електронска верзија.

Ова е најава но, и повик до сите колеги од граѓанскиот сектор и пошироко, да бидат дел од „Граѓаните за промена“. **Читајте и коментирајте**. Да ги споделиме информациите затоа што тие вредат тогаш кога ќе стигнат таму каде што е потребно.

Погледнете го магазинот на соодветниот јазик:

- Граѓаните за промена
- Qytetarët për ndryshim
- Citizens for change